**ПОНУДА ЗА ОТКУП НА ОБИЧНИ АКЦИИ**
**НА СТАТЕР БАНКА АД Куманово**

Согласно Законот за преземање на акционерски друштва, **ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД**, ул. Г. С. Раковски бр.103, Софија, Бугарија, објавува

**П О Н У Д А**

**за откуп на 339178 обични акции издадени од СТАТЕР БАНКА АД Куманово**

Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од СТАТЕР БАНКА АД Куманово. Понудувачот се обврзува да ја купи секоја акција со право на глас, во согласност со пропишаните и објавените услови.

Цената по која ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД се обврзува да ги откупи акциите изнесува 1.070,00 денари по акција.

Рокот за прифаќање на понудата за откуп изнесува 15 денови. Рокот за прифаќање на понудата за откуп почнува да тече од денот на првото објавување на извадокот од Проспектот и Понудата за откуп, односно од 17.03.2010 година и завршува на 31.03. 2010 година.

Плаќањето на паричните средства на сите иматели на обични акции кои ќе ја прифатат оваа понуда ќе го врши Централниот депозитар за хартии од вредност во готово, на сметка во деловна банка за која ќе го известат Централниот Депозитар за хартии од вредност со изјавата за прифаќање на понудата за откуп.

Понудувачот, пред објавување на понудата за откуп, ги депонираше потребните парични средства за откуп на сите акции кои се предмет на понудата на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Во согласност со Договорот за вршење услуги во постапката за превземање на акционерското друштво СТАТЕР БАНКА АД Куманово и Анексот бр.1 кон истиот склучени меѓу ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Софија и Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Депозитарот е должен веднаш, а не покасно од 1 (еден) ден по добивањето на Решението на Комисијата за хартии од вредност за успешност на понудата, да изврши пренос на паричните средства на сметките на сопствениците кои ја прифатиле понудата за откуп.

Понудувачот, ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД, со Решение бр. 1746 од 12.03.2010 година на Народна банка на Република Македонија има добиено согласност од Народната банка за стекнување на акции од СТАТЕР БАНКА АД Куманово.

**ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД**

**Овластен претставник**
**Красимир Георгиев Жилов**